3. Не се состане за период подолг од шест месеци и

4. Не го донесе буџетот и годишната сметка на буџетот до 31 март во тековната година;

(2) За настапувањето на еден од условите од ставот (1) на овој член, градоначалникот е должен веднаш да го извести министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа .

Член 76

**Постапка за распуштање на советот**

(1) Министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа, во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од членот 75 став (2) на овој закон, до Владата на Република Македонија ќе поднесе предлог за распуштање на советот.

(2) Владата на Република Македонија, во рок од еден месец од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член, ќе донесе решение за распуштање на советот по сила на закон, кое го објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(3) За остатокот од изборниот период ќе се распишат нови избори за советот, согласно со Законот за локалните избори.

(4) Изборите од ставот (3) на овој член нема да се спроведат доколку до новиот изборен период има помалку од шест месеци.

Член 77

**Вршење на работите на советот**

(1) До изборот на нов совет, работите на советот ги врши градоначалникот на општината.

(2) При извршувањето на работите од ставот (1) на овој член градоначалникот не може:

- да одлучува за прашања што се однесуваат на располагање со сопственоста на општината;

- да одлучува за прашања во кои тој или неговиот брачен другар , деца или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес и

- да донесува прописи предвидени во членот 36 од овој закон.

XI. МЕХАНИЗМИ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНИТЕ, ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

Член 78

**Консултирање на општините**

(1) Општините ќе бидат благовремено и соодветно консултирани во постапката на планирање и одлучување за прашања кои се однесуваат на нив.

(2) Општините ќе бидат консултирани за планирањето на јавните работи при изготвувањето на просторниот план на Републиката.

(3) Начинот на консултациите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе биде утврден со законите од соодветната област.

Член 79

**Договори за соработка меѓу државата и општините**

(1) Владата може, заради координација при планирањето, програмирањето и имплементацијата на политиките во одредени области или група на области, да склучува договори за соработка со една или повеќе општини во областите од заемен интерес.

(2) Собранието на Република Македонија ќе биде информирано за договори за соработка од ставот (1) на овој член.

Член 80

**Соработка меѓу Владата и општините**

(1) Владата соработува со општините за прашања што се од нивен интерес, и тоа за:

- законите што се однесуваат на општините;

- износот на општата дотација што треба да им се додели на општините во тековната календарска година и

- изворите на финансирање на надлежностите.

(2) За соработката за прашањата наведени во ставот (1) од овој член се подготвува извештај во кој се внесуваат прашањата за кои е постигната согласност и прашањата за кои не постои согласност .

(3) Со законот што се однесува на прашањата од ставот (1) на овој член, до Собранието на Република Македонија се приложува и извештајот од ставот (2) на овој член.

Член 81

**Здружение на општини на Република Македонија**

(1) Здружението на општини, во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од 2/3 од општините од целата територија на Република Македонија, има право да:

- соработува со Владата по прашањата од значење за општините во Република Македонија;

- иницира донесување на законите што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа;

- дава предлози за проектирање на предлогот на Буџетот на Република Македонија во делот што се однесува на доделување на средства на општините наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон и

- остварува соработка со сродни организации од други земји и ја претставува Република Македонија во меѓународни организации на локалните власти.

(2) Здружението од ставот (1) на овој член се основа, организира, функционира и регистрира под услови и на начин утврдени со закон.

XII. МЕСНА САМОУПРАВА

Член 82

**Основање облици на месна самоуправа**

(1) Во општината можат да се основаат облици на месна самоуправа, и тоа:

- во градовите - урбани заедници и

- во другите населени места -месни заедници.

(2) Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици, според урбанистичкиот план на градот.

(3) Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

(4) Со статутот на општината, поблиску се определуваат: облиците на месна самоуправа што се основаат на подрачјето на општината согласно со ставот (1) на овој член; односите со органите на општината; работите од надлежност на градоначалникот чие извршување може да се делегира на претседателот на советот на месната самоуправа; начинот на обезбедување средства за делегираните работи и други прашања од значење за месната самоуправа.

Член 83

**Надлежности на урбаните, односно месните заедници**

Жителите, во урбаните, односно месните заедници, на собири на граѓаните:

- разгледуваат прашања, заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на жителите од тоа подрачје;

- можат да изберат совет на урбаната, односно месната заедница, на начин и во постапка што се утврдени со статутот на општината.

Член 84

**Избор на советот на урбаната, односно месната заедница**

Советот на урбаната, односно месната заедница се избира, на собири на граѓаните на урбаната, односно месната заедница, на начин и во постапка што се утврдени со статутот на општината.

Член 85

**Избор на претседателот на советот на урбаната, односно месната заедница**

(1) Советот на урбаната, односно месната заедница, од редот на своите членови избира претседател, со мандат од четири години.

(2) За изборот и обврските на претседателот на советот на урбаната односно месната заедница соодветно ќе се применуваат одредбите од членовите 47 и 48 на овој закон.

Член 86

**Делегирање на работи на облиците на месна самоуправа**

(1) Градоначалникот може да делегира вршење на определени работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на советот на урбаната, односно месната заедница, на начин утврден со статутот.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се утврдуваат и средствата за вршење на работите од ставот (1) на овој член како и начинот на вршење надзор над нивното извршување.

## XIII. ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 87

**Заштита на уставната положба на општината**

Советот и градоначалникот може пред Уставниот суд на Република Македонија да поднесат иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите.

Член 88

**Судска заштита на општината**

На општините им се гарантира судска заштита пред надлежните судови во однос на актите и на активностите на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија со кои се попречува вршењето на надлежностите на општините утврдени со закон.

## XIV. СЛУЖБЕНИ ЈАЗИЦИ ВО ОПШТИНАТА

Член 89

**Службен јазик**

Во општините службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Член 90

**Службени јазици во општината**

(1) Во општините службен јазик покрај македонскиот и неговото кирилско писмо е и јазикот и писмото кои го користат најмалку 20% од жителите на општината.

(2) За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од жителите на општината одлучува советот на општината.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 91

(1) Постојните статути на општините, актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места во општините ќе се усогласат со одредбите на овој закон најдоцна во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

(2) Постојните управни и административни органи на општините ќе се организираат во општинска администрација согласно со овој закон, во рок од три месеци од денот на донесувањето на актите од ставот (1) на овој член.

Член 92

(1) Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе прописот од членот 10 став (7) на овој закон.

Член 93

(1) Вработените во општината кои до денот на влегувањето во сила на овој закон засновале работен однос согласно со одредбите на Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 52/95) продолжуваат да работат на работните места на кои се распоредени и да ја примаат платата која ја примале пред влегувањето во сила на овој закон се до стекнувањето на статус на државен службеник и до започнувањето на примената на системот на плати, согласно со одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на РМ" број 59/2000; 112/2000; 34/2001).

(2) Вработените од ставот (1) на овој член се должни, најдоцна во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да положат преоден испит за проверка на знаењето за стекнување на статус на државен службеник согласно со одредбите од Законот за државни службеници, и се распоредуваат согласно со актот за систематизација на работните места во звање кое е соодветно на стекнатото звање.

Член 94

(1) Градоначалникот на општината во рок од три месеци од денот на донесувањето на законот, по предлог на Агенцијата, со одлука ќе ја утврди соодветноста на постојните звања во општината со групите и звањата утврдени во Законот за државни службеници.

(2) Лицата вработени во управните и административните органи на општината кои на денот на влегувањето во сила на овој закон имаат над пет години работен стаж, се распоредуваат на работни места согласно со актите за систематизација на работните места во звање кое е соодветно на стекнатото звање без полагање на испитот од ставот 1 на овој член.

Член 95

Секретарите на советите, избрани согласно со одредбите од членот 29 став 1 точка 13 и главните архитекти на градовите, именувани согласно со одредбите од членот 53 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95), продолжуват да ги вршат работите и да ја примаат платата која ја примале до завршување на мандатот за кој се избрани, односно именувани.

Член 96

(1) Одредбите од постојните закони со кои се уредуваат прашања што согласно со овој закон се надлежност на општините ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна до 31 декември 2003.

(2) Одредбите од членовите 17 и 18 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95) ќе продолжат да се применуваат се до усогласувањето на посебните закони од ставот (1) на овој член.

(3) Вработените, опремата, средствата за работа, архивата, документацијата од подрачните единици на органите на државната управа чии надлежности согласно со овој закон стануваат општински се преземаат од општината на начин и под услови утврдени со усогласените посебни закони од ставот (1) на овој член.

Член 97

До донесување на законот со кој ќе се уредат прашањата за финансирање на општините, финансирањето на општините ќе продолжи да се врши согласно со одредбите од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95) и Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94,71/96, 46/2000 и 11/2001).

Член 98

Статусот на јавните претпријатија, јавните установи и трговски друштва во сопственост на државата, кои вршат работи од јавен интерес чија надлежност согласно со одредбите на овој закон станува надлежност на општините, како и времето и начинот на извршувањето на кадровскиот и имотниот делбен биланс меѓу Републиката и соодветните општини ќе се определи со законите со кои ќе се изврши усогласувањето од членот 96 став (1) на овој закон.

Член 99

(1) Одредбите од членовите 34, 50 став (1) точка 9, членот 52 став (2) и членовите 82, 83, 84 и 85 од овој закон ќе влезат во сила на наредните локални избори.

Член 100

До донесувањето на законот од членот 45 на овој закон, членовите на советот ќе примаат надоместок за присуство на седница на советот без оглед на нејзиното времетраење, најмногу до 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци, а надоместоците за патните и дневните трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Член 101

До донесувањето на законот со кој ќе се уреди надзор над решенијата на градоначалникот донесени по управни работи од надлежност на општината, надзорот ќе го врши комисијата за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни области при Владата на Република Македонија.

Член 102

(1) До регистрирањето на Здружението на општините на Република Македонија Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија формирана согласно со одредбите од членот 10 став 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95) продолжува да ги врши работите кои ги вршела до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Со регистрирањето на Здружението на општините на Република Македонија се преземаат опремата, средствата за работа, архивата и документацијата на Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Член 103

Постојните месни заедници односно нивните органи, продолжуваат со работа со истите надлежности до наредните локални избори.

Член 104

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95 и 60/95).

Член 105

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**74.**

Врз основа на член 7, став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 106/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВА ВО ПОСЕБНИОТ ДЕЛ УТВРДЕН СО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2002 ГОДИНА**

Во Буџетот на Република Македонија за 2002 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 106/2001 година) се вршат следните измени на распоредот на средствата во посебниот дел:

1. Средствата од раздел 9002 - Министерство за финансии-функција на државата, Програма 12-Функција од ставката 427-Други оперативни расходи, потставка 427119-Пренесени обврски од претходни години се намалуваат за 6.339.626 денари.

2. На раздел 12001-Министерство за животна средина и просторно планирање, во Програма 12-Животна средина се отвора нова потставка 427119-Пренесени обврски од претходна година и се додава износот од 6.339.629 денари.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-316/1
22 јануари 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**75.**

Врз основа на член 169 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 37/97, 24/2000, 96/2000 и 5/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, што ја донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 13.07.2001 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4637/1
22 јануари 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**76.**

Врз основа на член 4, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93 и 40/99) и член 86, став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА-ВАРОВНИК НА АДГ МАВРОВО ЕЕ НИСКОГРАДБА, СКОПЈЕ НА ЛОКАЛНОСТА ""ТАТАРЛИ ЧУКА", ВАЛАНДОВО**

1. На АДГ МАВРОВО ЕЕ НИСКОГРАДБА, Скопје се дава концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на локалноста "Татарли Чука" во атарот

на општина Валандово, со површина на простор за концесија за експлоатација дефиниран со точки, а точките одредени со координати, како што е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -Х | КООРДИНАТА -У | КОТА-З |
|---|---|---|---|
| 1 | 4. 576. 018,00 | 7. 635. 118,00 | 192 |
| 2 | 4. 575. 922,00 | 7. 635. 625,00 | 244 |
| 3 | 4. 575. 631,00 | 7. 635. 600,00 | 257 |
| 4 | 4. 575. 550,00 | 7. 635. 700,00 | 288 |
| 5 | 4. 575. 332,00 | 7. 635. 701,00 | 277 |
| 6 | 4. 575. 300,00 | 7. 635. 167,00 | 281 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1, став 1, од оваа одлука, изнесува Р=0,42 км$^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука е определена во Договорот за концесија согласно Законот за минерални суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука е определен во Договорот за концесијата, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместокот е определен во Договорот за концесијата.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на 6отпишувањето на Договорот за концесијата.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-104/1 Претседател на Владата
22 јануари 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

**77.**

Врз основа на член 4, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93 и 40/99) и член 86, став 2 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА-МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС $CO_2$ НА "ГРУНД" ДОО, СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВО БЛИЗИНА НА С. БРОД, ОПШТИНА БАЧ, БИТОЛСКО**

1. На "ГРУНД" ДОО, Скопје се дава концесија за експлоатација на минералната суровина минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот во близина на с.Брод, општина Бач, битолско, со следните координати:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА Х | КООРДИНАТА У |
|---|---|---|
| Т1 | 4.532.500,00 | 7.544.000,00 |
| Т2 | 4.534.000,00 | 7.544.000,00 |
| Т3 | 4.534.000,00 | 7.546.500,00 |
| Т4 | 4.532.500,00 | 7.546.500,00 |

Површината на просторот од став 1, на овој член изнесува Р=3,75 км$^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука е определена во Договорот за концесија согласно Законот за минерални суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука е определена во Договорот за концесијата, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99).

4.Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместокот е определен во Договорот за концесијата.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесијата.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија по претходно добиена согласност од Владата.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-102/1 Претседател на Владата
22 јануари 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

**78.**

Врз основа на член 24-а, став 1 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.01.2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА СПЕЦИЈАЛНА АЕРОДРОМСКА ОПРЕМА ЗА ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ И ДОКОМПЛЕТИРАЊЕ НА ХЕНДЛИНГ УСЛУГИТЕ НА АЕРОДРОМИТЕ ВО СКОПЈЕ И ОХРИД ЗА 2001 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за определување на царински контингенти при увоз на специјална аеродромска опрема за осовременување и докомплетирање на хендлинг услугите на аеродромите во Скопје и Охрид за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2001) во точката 3 бројот "31.12.2001" се заменува со бројот "31.12.2002".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-250/1 Претседател на Владата
22 јануари 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

**79.**

Врз основа на член 24-а, став 1 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА НЕПОСРЕДНОТО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2001 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за определување на царински контингенти при увоз на суровини и репродукционен материјал наменет за непосредното производство за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2001) во точката 9 бројот "31.12.2001" се заменува со бројот "31.03.2002".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-249/1 Претседател на Владата
22 јануари 2002 година на Република Македонија,
Скопје **Љубчо Георгиевски,** с.р.

**80.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јануари 2002 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТПИШУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА

1. Со оваа одлука, од материјалната и книговодствената евиденција на Министерството за одбрана се отпишуваат материјално-техничките средства и опрема на Армијата на Република Македонија кои се уништени во борбените дејства преземени на 28.03.2001 година, во месноста "РАМНО" од нагазни против-тенковски мини.

2. Материјално-техничките средства и опрема од точка 1 на оваа одлука прикажани се во посебен преглед, кој претставува нејзин составен дел.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-142/1
22 јануари 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

## П Р Е Г Л Е Д
## НА МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА КОИ СЕ ОТПИШУВААТ

| Ред. бр. | Назив на средствата-опремата | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Возило теренско 0,6Т 4х4 ПУХ ГД, со номенклатурен број 2316-1083-5911-2 | 1 парче |
| 2 | Сирена, федерал, со номенклатурен број 4415-0000-0007-8 | 1 парче |
| 3 | Флешер сино-црвен, со номенклатурен број 4415-0000-0006-6 | 1 парче |
| 4 | Полнач за р. станица ГП-300, со номенклатурен број 3435-0000-0029-6 | 1 парче |
| 5 | Батерија НИ-ЦД-5ТБ-2, со номенклатурен број 3440-0000-0006 -0 | 1 парче |
| 6 | Навлака за седиште, со номенклатурен број 2540-0000-0124-5 | 1 парче |
| 7 | Патосница-мала, со номенклатурен број 2540-0000-6134-8 | 1 парче |
| 8 | Постоље МГ за антена магн., со номенклатурен број 3365-0000-0012-1 | 1 парче |
| 9 | Антена МХ-3-П, со номенклатурен број 3375-0000-0015-8 | 1 парче |
| 10 | Ланци за снег, со номенклатурен број 6770-1037-0001-3 | 1 парче |
| 11 | Батерија палка на полнење, со номенклатурен број 3625-0000-0004-4 | 1 парче |
| 12 | Заштитна маска М-1-средна, со номенклатурен број 2205-2158-0002-8 | 3 парчиња |
| 13 | Пододело горен дел М-81 војн., со номенклатурен број 4320-1082 -9809-9 | 1 парче |
| 14 | Пододело долен дел М-81 војн., со номенклатурен број 4320-1082 -9816-2 | 1 парче |
| 15 | Прибор за јадење М-69, со номенклатурен број 4640-1080-0148 -4 | 3 парчиња |
| 16 | Рамка за пиштол ЦЗ 99 9 мм, со номенклатурен број 1007-0000-0004-4 | 1 парче |
| 17 | Рамка за АП 7,62, М 70А, со номенклатурен број 1013-1041-2628 -1 | 4 парчиња |
| 18 | РАП за АП 7,62 М 70А, со номенклатурен број 1013-1041-2628 -1 | 1 парче |
| 19 | Кантичка за масло, со номенклатурен број 1013-1041-2628-1 | 1 парче |
| 20 | Тромблонски додаток, со номенклатурен број 1013-1041-2628-1 | 1 парче |
| 21 | Стоп палка, со номенклатурен број 1105-0000-0004-6 | 2 парчиња |
| 22 | Секирче со навлака, со номенклатурен број 7012-6164-4737-8 | 1 парче |
| 23 | Апарат ПП-С-1, со номенклатурен број 7730-0000-0153-8 | 1 парче |
| 24 | Ашовче-АШНМ-80, со номенклатурен број 7087-1088-0641-8 | 3 парчиња |
| 25 | Шлем ППШ 360 В, со номенклатурен број 4345-0000-0004-3 | 2 парчиња |
| 26 | Ветровка воj. маскирна, со номенклатурен број 2110-0000-0001 -0 | 2 парчиња |
| 27 | Панталони војн. маскирни, со номенклатурен број 2110-0000-0002-2 | 2 парчиња |
| 28 | Блуза воj. маскирна, со номенклатурен број 2110-0000-0003-4 | 2 парчиња |
| 29 | Капа војн. маскирна, со номенклатурен број 2110-0000-0004-6 | 2 парчиња |
| 30 | Џемпер воj. маскирен, со номенклатурен број 2110-0000-0005-6 | 1 парче |
| 31 | Кошула воj. маскирна, со номенклатурен број 2110-0000-0006-0 | 3 парчиња |
| 32 | Батерија ХНН 9628Д Ни-Цд, со номенклатурен број 3445-0000-0089-3 | 2 парчиња |
| 33 | Батерија Ни-Цд 1,2в. Р-20, со номенклатурен број 3440-0000-0019 -9 | 3 парчиња |

**81.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Праведник-Општина Кавадарци.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-252/1
23 јануари 2002 година
Скопје

Директор,
**Мирче Ѓорговски,** с.р.

**82.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите ("Сл. весник на СРМ" бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи, донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

Се става во примена установениот катастар на недвижности на катастарската општина Куманичево -Општина Конопиште.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во "Службен весник на Република Македонија".

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето установен според Законот за премер и катастар на земјиштето ("Сл. весник на СРМ" бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-253/1
23 јануари 2002 година
Скопје

Директор,
**Мирче Ѓорговски,** с.р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред овој суд во тек е постапка по тужба на тужителот Фадиљ Мустафа од Куманово ул. "Хр. Карпош" бр. 93, против тужената Семра Мустафа мом. Насуфи од с. Романовце за развод на брак, за која од с. Романовце се враќа поканата со констатација дека лицето е во Австрија, а ова нешто и тужителот го изјави пред судот, и од МВР УВР Куманово не ни доставија адреса на живеење.

Со оглед да за тужената судот е известен дека е со непозната адреса на живеење во Австрија, за привремен застапник и се назначува адвокатот Јордан Серафимовски од Куманово. Застапникот ќе ја застапува тужената во оваа постапка се додека тужената или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно додека Центарот за социјална работа Куманово не го извести судот дека назначил старател.

Од Основниот суд во Куманово, VII П. бр. 872/2001. (1500)

### ОСНОВЕН СУД ВО РАДОВИШ

Пред Основниот суд во Радовиш во тек е спорот по тужбата на тужителот Исмаил Арифов од Радовиш, ул. "Шеин Маале" бр. 73, против тужената Гонул Демирова Арифова од Радовиш сега со непозната адреса на привремена работа во Франција, за развод на брак. Вреднос на спорот 40.000,00 денари.

Се повикува тужената во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд или да постави свој полномошник. Во спротивно на тужената ќе и биде поставен привремен застапник Мирјана Ристова стручен соработник со положен правосуден испит од Радовиш, која ќе ги застапува интересите на тужената се до правосилното завршување на постапката или додека полномошникот на тужената не се појави пред овој суд.

Од Основниот суд во Радовиш, П. бр. 298/01 од 18.01.2002. (2017)

### ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово во тек е постапка по тужба на тужителот Иса Демири од с. Нераште, против тужените Димитријевски Горе од с. Беловиште и Димитриевски Славко и Рада двајцата со непозната адреса во Р. Србија - СРЈ.

Се повикуваат тужените Димитриевски Славко и Димитриевска Рада да во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" да се јават во Основниот суд во Тетово или да овластат свој полномошник кој ќе ги застапува нивните права и интереси. Во спротивно судот преку Центарот за социјална работа Тетово ќе им постави времен старател кој ќе ги застапува по овој спор до правосилно окончување на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П. бр. 679/2001. (2020)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 4099/2001 од 21.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043505?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Промет на мало ОЛЕЈО Светлана Трајче Стојанова - ТП, ул. "Алексо Демниевски" бб, Велес.

Фирмата гласи: Промет на мало ОЛЕЈО Светлана Трајче Стојанова - ТП. Седиштето е на ул. "Алексо Демниевски" бб во Велес . Единствен содружник и управител без ограничување е Стојанова Светлана од Велес, со живеалиште на ул. "Васа Кошулчева" бр. 47. Трговецот поединец во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските во правниот промет трговецот - поединец одговара со сите свои средства.

Дејности:

52.11 - трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун,

52.21 - трговија на мало со овошје и зеленчук,

52.22 - трговија на мало со месо и производи од месо,

52.23 - трговија на мало со риби, лушпари и мекотелци,

52.24 - трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки,

52.25 - трговија на мало со алкохолни и други пијалаци,

52.26 - трговија на мало со производи од тутун,

52.27 - друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници,

52.33 - трговија на мало со козметички и тоалетни препарати,

52.47 - трговија на мало со книги, весници и прибор за пишување,

52.48 - друга трговија на мало во специјализирани продавници.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 4099/2001. (31610)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 7269/2000 од 26.12.2000 година, во регистарската влошка бр. 02036688?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за производство, градежништво, трговија и книговодствени услуги АГОН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, ул. "М. Тито" бр. 3.

Основни дејности: 01.12/1, 01.21, 01.24, 01.41/2, 02.02, 15.11, 15.14, 15.51, 15.81/1, 15.81/2, 15.84, 15.85, 15.98/2, 18.22, 19.10, 19.30, 20.10/1, 20.30, 20.40, 20.51, 21.12, 25.12, 25.21, 25.22, 25.24, 26.61, 26.62, 26.63, 26.64, 26.66, 27.53, 28.12, 28.73, 28.74, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 45.11, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.40, 50.50, 51.21, 51.24, 51.31, 51.32, 74.20/2, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.57, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 74.20/1, 52.24, 52.25, 52.26, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.49, 52.50, 52.62, 52.71, 52.72/1, 52.73, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 71.10, 72.10, 74.12, 74.20/1, 74.20/2.

Надворешно работење: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, консигнација, угостителски услуги, изведување на инвестициони работи во странство, малограничен промет со соседни земји.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени одговара со сите свои средства.

За управител на друштвото се определува лицето Пендије Несими од Тетово, ул. "Ленин" 29-А, како лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно трговскиот промет, без ограничување.

Основач: Пендије Несими од Тетово, ул. "Ленин" 29-А.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 7269/2000. (31611)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3908/2001 од 8.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043115?-8-03-000, во трговскиот регистар го запиша основањето на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги НАСА-ТЕРМ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, ул. "170" бр. 44.

Основни дејности: 01.12/1, 01.21, 01.24, 01.41/2, 02.02, 15.11, 15.14, 15.51, 15.81/1, 15.81/2, 15.84, 15.85, 15.98/2, 18.22, 19.10, 19.30, 20.10/1, 20.30, 20.40, 20.51, 21.12, 25.12, 25.21, 25.22, 25.24, 26.61, 26.62, 26.63, 26.64, 26.66, 27.53, 28.12, 28.73, 28.74, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.15, 45.11, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.25, 45.31, 45.32, 45.33, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.40, 50.50, 51.21, 51.24, 51.31, 50.32, 50.33, 51.36, 51.37, 51.41, 51.42, 51.43, 51.47, 51.51, 51.53, 51.54, 51.57, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.24, 52.25, 52.26, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.49, 52.50, 52.62, 52.71, 52.72/1, 52.73, 52.74, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 71.10, 72.10, 74.12, 74.20/1, 74.20/2, 74.20/3, 74.40, 74.83, 74.84, 22.33, 92.34, 93.02, 93.03, 45.34.

Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, посредување и застапување во прометот со стоки и услуги, реекспорт, меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, угостителски услуги, изведување на инвестициони работи во странство, малограничен промет со соседни земји.

Во правниот промет со трети лица, настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара со сите свои средства.

Содружник: Надри Саити од Тетово, ул. "170" бр. 44.

Управител: Надри Саити од Тетово, ул. "170" бр. 44, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3908/2001. (31612)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 325/01 од 26.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02039575?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на друштво - ДООЕЛ на Друштвото за производство, трговија и услуги ДРАМА - КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, ул. " 16 - Македонска бригада" бр. 4-2/2, Скопје.

Основање на друштво согласно ЗТД.

Основач - содружник на друштвото и лице овластено за застапување на друштвото во внатрешен и надворешен промет е Љубен Тоточевски од Скопје - управител со неограничени овластувања.

Друштвото во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Надворешна трговија: комплет надворешно-трговски промет со прехранбени и непрехранбени производи, застапување и посредување во промет со стоки и услуги, шпедиција, реекспорт, консигнација, комисиона продажба, малограничен промет со сите соседни земји, меѓународен транспорт (превоз) на стоки и патници во земјата и во странство.

Дејности на друштвото: 15.32, 15.33, 15.52, 15.61, 15.62, 15.81, 15.81/1, 15.81/2, 15.82, 15.82/1, 15.82/2, 15.84, 15.85, 15.86, 15.87, 15.88, 15.89, 15.98/1, 15.98/2, 50.10, 50.20, 50.3, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.1, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.2, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.3 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.4, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.5, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.6, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.1, 52.11, 52.12, 52.2, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.4, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.6, 52.61, 52.62, 52.63, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.11, 63.12, 63.21, 63.22, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 70.32, 72.10, 72.20, 72.30, 72.50, 72.60, 74.12, 74.13, 74.40, 74.82, 74.83, 74.84, 92.33, 93.02.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 325/01. (31613)

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 4132/2001 од 22.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043338?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за производство, трговија и услуги КОКА МОДА ДОО, ул. "Београдска" бр. 13, Скопје.

Фирма: Друштво за производство, трговија и услуги КОКА МОДА ДОО.

Скратен назив на фирма: КОКА МОДА ДОО Скопје.

Назив на латиница: КОКА МОДА ДОО Скопје

Седиште: ул. "Београдска" бр. 13, Скопје.

Содружници: Енуз Рамадан, ул. "Кемал Ататурк" 15, Скопје и Рахман Шаип, ул. "Алија Авдовиќ" 2/2-4, Скопје со Договор од 16.11.2001 година.

Дејности: 17.11, 17.12, 17.13, 17.14, 17.15, 17.16, 17.21, 17.22, 17.23, 17.24, 17.25, 17.30, 17.40, 17.40/1, 17.40/2, 17.51, 17.52, 17.53, 17.54, 17.54/1, 17.54/2, 17.60, 17.71, 17.72, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 18.30, 19.20, 19.30, 27.41, 27.42, 27.43, 27.44, 27.45, 29.23, 29.71, 29.72, 32.30, 36.22, 36.61, 36.63, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.71, 52.72, 52.72/1, 52.72/2, 52.73, 52.74, 55.11, 55.12, 55.22, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 74.14, 74.81, 74.84, 92.34, 92.71, 92.72, 93.01, 93.02, 93.04.

Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување во надворешнотрговскиот промет, меѓународна шпедиција и шпедитерски услуги, реекспорт, снабдување и продажба на стоки од консигнациони складишта, превоз на стоки и патници во меѓународниот сообраќај, туристички агенции, малограничен промет со Грција, Бугарија, Албанија и СР Југославија.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите свои средства.

Лице одговорно за застапување и претставување на друштвото во внатрешниот и надворешниот промет е Рахман Шаип, управител без ограничување.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје Трег, бр, 4132/2001. (31614)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 4144/2001 од 27.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043350?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на ДООЕЛ на Друштвото за производство, трговија и услуги НАТАЛИЈА ДООЕЛ, ул. "Коле Цветков" бр. 12, Велес.

Основање на Друштво за производство, трговија и услуги НАТАЛИЈА ДООЕЛ, ул. " Коле Цветков" бр. 12, Велес.

Основач е Ристовски Душан од Велес.

Дејности: 17.30, 17.40, 17.40/1, 17.40/2, 17.54/1, 17.54/2, 17.60, 17.71, 17.72, 18.10, 18.21, 18.22, 18.23, 18.24, 18.30, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 50.50, 51.11, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.51, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.31, 70.32, 71.10, 71.33, 74.40, 74.70, 74.83, 74.84, 93.01, 93.02,

93.04, 93.05, надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, малограничен промет со соседните земји, меѓународен транспорт на стоки во друмскиот сообраќај, реекспорт, услуги во меѓународниот друмски сообраќај, меѓународна шпедиција, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги.

Во правниот промет со трети лица друштвото ќе истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени од друштвото во правниот промет со трети лица друштвото ќе одговара со сиот свој имот и средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешнотрговскиот промет е Ристовски Душан - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 4144/2001. (31615)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3975/2001 од 23.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043182?-3-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за производство, трговија и услуги БОМИНГ - КО ДОО експорт-импорт Скопје, ул. "Арх. Никола Добровиќ" бр. 3-1-18.

Основачи: Анжелика Колева од Скопје и Оливер Колев од Скопје.

Дејности: 02.0, 15.87, 15.91, 15.92, 15.93, 15.94, 15.95, 19.30, 20.51, 20.52, 26.11, 26.12, 26.13, 26.61, 26.62, 26.63, 26.64, 26.65, 26.26, 26.82/2, 27.21, 27.51, 27.53, 27.54, 28.11, 28.12, 28.21, 28.40, 28.52, 28.62, 28.71, 28.72, 28.73, 28.74, 28.75, 29.12, 29.13, 29.21, 29.22, 29.23, 29.24, 29.40, 29.71, 29.73, 36.11, 36.12, 36.13, 36.14, 36.63, 45.11, 45.12, 45.21, 45.21/1, 45.21/2, 45.22, 45.23, 45.24, 45.25, 45.3, 45.31, 45.32, 45.33, 45.34, 45.41, 45.42, 45.43, 45.44, 45.45, 50.10, 50.20, 50.30, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.50, 51.12, 51.13, 51.14, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.21, 51.22, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.42/1, 51.42/2, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.52, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.61, 51.62, 51.63, 51.64, 51.65, 51.66, 51.70, 52.11,52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.32, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.44, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.61, 52.62, 52.63, 52.72, 52.72/1, 52.72/2, 52.73, 52.74, 55.11, 55.12, 55.21, 55.21/1, 55.21/2, 55.22, 55.23, 55.30, 55.30/1, 55.30/2, 55.40, 55.51, 55.52, 60.24, 63.24, 63.12, 63.21, 63.30, 63.40, 65.12/3, 70.11, 70.12, 70.20, 70.31, 70.32, 71.10, 71.21, 71.32, 71.33, 71.34, 72.10, 72.20, 72.30, 72.40, 72.50, 72.60, 73.10, 73.20, 74.12, 74.13, 74.14, 74.15, 74.20/1, 74.20/2, 74.20/3, 74.20/4, 74.20/5, 74.30, 74.40, 74.84.

Надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување на странски фирми - лица во Р. Македонија во прометот со стоки и услуги, посредување во надворешнотрговскиот промет на стоки и услуги, продажба на стоки од консигнационен склад, малограничен промет со соседните држави, компензациони работи, долгорочна производствена кооперација со странско лице, меѓународна шпедиција, изведување градежни работи во странство, реекспорт, продажба на стоки во слободни царински продавници, агенциски услуги во областа на транспортот, лизинг работи, меѓународен транспорт на стоки и патници.

Содружниците вложуваат:

Анжелика Колева -79.300,00 денари или 1.300 евра

Оливер Колев - 79.300,00 денари или 1.300 евра

Неограничени овластувања, полна одговорност.

Анжелика Колева - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3975/2001. (31616)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 1214/2000 од 14.03.2000 година, во регистарската влошка бр. 02026045?-6-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на трговец-поединец на Промет на мало со мешовити стоки МАРКИНС ТП Јовановски Сребре Ќиро Тетово, Ново пазариште на кат , лок. 31.

52.12 - друга трговија на мало во продавници со мешовита стока,

52.44/4 - трговија на мало со останати производи за домаќинство.

Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот свој имот.

Лице овластено за застапување е Јовановски Сребре Ќиро - управител без ограничувања. Содружник е Јовановски Сребре Ќиро.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 1214/2000. (31617)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 3996/2001 од 28.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043203?-3-09-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за сметководствено финансиски услуги КОНТИЗ ДОО Скопје, ул. "Луј Пастер" згр. 1/вл.1-п.,Скопје.

Дејности: 65.12/3, 65.12/4, 65.21, 70.11, 70.12, 70.20, 70.31, 70.32, 71.33, 71.34, 71.40, 72.10, 72.20, 72.30, 72.40, 72.50, 72.60, 74.12, 74.13, 74.14, 74.15, 74.40, 74.83, 74.84.

Во правниот промет Друштвото за сметководствено финансиски услуги КОНТИЗ ДОО Скопје, ул. "Луј Пастер" згр. 1/вл.1-п., Скопје, ќе настапува во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на друг, во име и за сметка на друг, а за обврските одговара со целиот имот.

Лице овластено за застапување на друштвото е Кочовска Лидија - управител без ограничувања од Скопје, ул. "Тоне Томшиќ" бр. 46.

Основач на друштвото - содружници, чиј идентитет е регистриран кај нотар Слободан Поповски од Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 7, со нотарска легитимација бр. 006 издадена од Нотарската комора на РМ.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 3996/2001. (31618)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 4076/2001 од 22.11.2001 година, во регистарската влошка бр. 02043282?-8-01-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за производство, трговија и услуги АКТИВ ДС ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, ул. "Б. Тоска" бр. 29/32.

Основач е Дракче Савески од Тетово ул. "Б. Тоска" бр. 29/32.

